# прикази

325.2(94=866)

Peter HILL

## THE MACEDONIANS IN AUSTRALIA, Carlisle, Hesperian Press, 1989

Во Австралија во 1989 година, од печат е излезена студијата на др. Петер Хил, Македонците во Австралија.

Студијата е наменета на австралиската јавност со цел да ја запознае со македонската заедница во Австралија, со потеклото и нивното историско минато, имиграцијата во Австралија, местото и функцијата што ја имаат во австралиското општество.

Во првиот дел авторот ја претставува во преглед историјата на македонскиот народ и на Македонија од античко време па до денес. Ги наведува сите поважни настани од бурната историја на македонскиот народ кои се од посебно значење за стекнување претстава за тоа кои се Македонците, од каде и зошто се дојдени во Австрлаија. Напоредно со претходново, авторот дава општествено-политичка и економска слика на Македонија. Поделеноста на Македонија и немањето на политичка слобода е карактеристично за Македонија сè до првата половина на 20 век. Ваквата состојба условува економска експлоатација и крајно осиромашување на македонското население, што пак од друга страна директно ги условуваат миграционите и емиграционите движења на македонското население.

Во вториот и третиот дел на студијата, авторот го следи населувањето на Македонците во Австралија. Хронолошки го следи доселувањето на Македонците од крајот на 19-от и почетокот на овој век па наваму, при што наведува со каков интензитет се одвивала имиграцијата во Австралија, каналите на имиграцијата (патиштата на доселување), местата на населување и начинот на егзистенција од доселувањето, па сè до денес. Првите Македонци дошле во Австралија кон крајот на 19-от век. Работеле во Солун и Константинопол (Истанбул) каде што разбрале за петтиот континент, за откривање на злато во него. Се зборува дека се упатиле во места како што се Калгурли и Брокен Хил заедно со своите браќа Словени — Далматинците. Меѓутоа, авторот наведува дека позачестено Македонците имигрирале во Австралија кога во САД владата вовела строга рестриктивна имиграциона полиција. Подоцна во времето на режимот на Метаксас во Грција зачестило и доселувањето од егјскиот дел на Македонија. Населувањето се одвивало во четири етапи:

1. првите доселеници — печалбари
2. нивните браќа, блиски роднини, пријатели
3. нивните сопруги, свршеници, деца
4. нивните родители.

Во почетокот работеле како физички работници во индустријата, во изградбата на патишта и железници, а и како фармерски работници Меѓу првите места каде се спомнуваат македонските доселеници, покрај Калгурли и

Брокен Хил, се и Перт, Ванеро, Њу Касл итн. Подоцна еден дел од македонските доселеници заработувачката ја вложуваат во земја и започнуваат да се занимаваат со градинарство, а некои да се занимаваат со бизнис. Меѓутоа, со доаѓањето на нивните сопруги, деца, а на некои свршеници, односно, нивните семејства, започнува процесот на формирање на македонските населби, а со тоа и на македонската етничка заедница во Австралија. Со самото формирање на македонските населби се јавува и потребата од организирање и интегрирање на истата во австралиското општество.

Македонската етничка заедница е организирана врз основа на традиционалните односи во родните места во татковината што ги негуваат самите иселеници и нивните семејства. Поголемиот дел од македонски иселеници потекнуваат од рурална средина и ги пренесуваат своите обичаи, како што се: славењето на селските светци-патрони, празнување на семејните светци, свадбите, крштевките, погребите, празнувања на верските празници, собирање средсело итн. На пример, аналогно на обичајот собирање средсело, во Австралија во зимскиот период биле организирани игранки (на кои се играле народни ора), а во летниот период се организирале излети (пикници). Авторот забележува дека Македонците во Австралија настојуваат да ги одбранат традиционалните вредности и обичаи дури и поупорно отколку што би било нормално и денес во старата татковина.

Интегрирањето на македонската етничка заедница во новото општество условило и институционално организирање на македонските иселеници. Се формираат разни здруженија и клубови. Во 1936 година, во Мелбурн е формиран огранок на Македонската патриотска организација (МПО), про-бугарски ориентирана. Поради тоа обидите за формирање други огранoци во Австралија не успеале. Во 1939 година, во Перт, е формирано првото македонско културно здружение „Единство“ со културен и фудбалски клуб. Активностите на клубот биле насочени кон презентирањето на македонскиот фолклор и зближување на Македонците од Западна Австралија, преку организирање на игранки, излети и разни собирања. Во 1942 година, во Манџип, е формирана организацијата „Слобода“, а во Џералдтон „Нова Македонија“. Во периодот од 1941—1945 година се формирани многу други организации насекаде каде што имало македонски иселеници. Организацијата во Перт иницирала конференција на македонските друштва и организации за организационо поврзување за координирано дејствување. Обединувачката, според авторот, историска конференција се одржала на 24 и 25 — 8 — 1946 година кога бил формиран „Македонско-Австралиски народен сојуз“ (МАНС). На основачката конференција на МАНС било, меѓу другото, иницирано собирање на финансиска помош за изградба и опремување на болница во СР Македонија. Во средината на 50-тите години дошло до дезинтегрирање на МАНС. Организациите на македонските иселеници ја продолжиле својата активност самостојно, така што во последниве години во Мелбурн има околу 150, а во Сиднеј околу 40 македонски организации и секоја организира свои игранки, излети, културни и спортски активности.

Според авторот, од 1950 година македонските иселеници во Австралија биле изложени на постојан притисок од владите на Грција и Југославија кои, главно, преку своите конзулати промовирало прогрчки и пројугословенски здруженија. При тоа тој упатува на заклучокот дека непостоењето на суверена држава Македонија е причина Македонците во Австралија да се класифицираат како Грци или Југословени.

Студијата на д-р Петер Хил е пишувана врз основа на податоци од имиграционите служби на Австралија, историска и друга литература, како и врз основа на сопствени истражувања, вршени меѓу македонските иселеници во Австралија.

Константин МИНОСКИ